ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА ТЕМА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ОД СТРАНА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР СО ЦЕЛ ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА ОД ПАНДЕМИЈАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОРОНА ВИРУСОТ – COVID 19

04 2020 03 12



Скопје, јуни 2021 година

С О Д Р Ж И Н А

Опис	Страна
Резиме	1-3
Вовед	4-6
Цели, критериуми и период на вршење на ревизијата	6-8
Наоди и препораки	9-23
Ревизорски заклучок	23
Останати прашања	23-25

Прилози:

Прилог бр.1 - Спроведени постапки со преговарање без објавување на оглас во периодот од 01.10.2020 година до 28.02.2021 година

Прилог бр.2 - Утврдени разлики помеѓу увозни цени и цени по кои се доделени договори за јавни набавки за тестови за детекција на Ковид 19

Прилог бр.3 - Постапки за јавна набавка каде се утврдени недоследности при изготвување на тендерски документации и технички спецификации

Прилог бр.4- Утврдени недоследности при обезбедување на конкуренција во постапките за јавни набавки

Прилог бр.5 - Утврдени недоследности при обезбедување на транспарентност во постапките за јавна набавка

Прилог бр.6 - Утврдени недоследности при евалуацијата на постапките за јавни набавки

Прилог бр.7 - Утврдени недоследности во склучените договори на постапки за јавна набавка

Прилог бр.8 - Утврдени недоследности при реализација на склучените договори за јавни набавки

Прилог бр.9 - Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог бр.10 - Одговор на Забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Кратенки користени во извештајот:

РСМ - Република Северна Македонија;

Ковид 19 - Корона вирус – COVID 19;

Пандемија - Пандемија предизвикана од Корона вирус COVID 19;

ЈЗУ - Јавни здравствени установи;

Институции - Институции во јавниот сектор;

СЗО - Светска здравствена организација;

ЕСЈН - Електронски систем за јавни набавки;

МЗ - Министерството за здравство;

МЛС - Министерството за локална самоуправа.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-560/29
Дата: 07.06.2021

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на усогласеност на тема“Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – COVID 19“.

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основа да го изразиме следниот заклучок:

Врз основа на извршената ревизија, утврдивме дека недоволно уредената законска регулатива за видот на набавки во време на вонредна/кризна состојба, отсуството на јасно дефинирање на карактеристики за заштитната опрема и прецизни критериуми за утврдување на "итноста" на определена набавка, како и неспроведени групни набавки и ограничување на максимална поединечна цена за набавките, придонеле да се остварат значајни разлики во постигнатите цени за исти или слични стоки кај институциите и постои потреба за подобрување на транспарентноста, отчетноста и законитоста во планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки за превенција и заштита од корона вирусот – COVID 19.

Не е извршена ревизија на усогласеност на тема “Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – COVID 19“, ниту е издаден извештај за годините кои претходат на периодот опфатен со оваа ревизија.

Врз основа на извршената ревизија на постапките за јавни набавки кои се доделени во период од 01.03.2020 до 01.10.2020 година со цел заштита и

превенција од корона вирусот – COVID 19, како и анализата на условите за работа во време на пандемија со кои се соочиле институциите во јавниот сектор, го утврдивме следното:

- 88% од набавките се спроведени со користење на постапката со преговарање без објавување на оглас. Во отсуство на прецизно дефинирање за критериуми за "итноста" на набавките и видот на стоки, услуги и работи кои можат да се набавуваат во време на вонредна/кризна состојба не може да се потврди во целост оправданоста на итноста на дел од постапките;
- Поради итниот карактер на набавките, фазата на планирање на постапките не можела да се изврши навремено според потребите, што влијаело да се доставаат покани за преговарање до помал број на економски оператори, без детална анализа на видот и количините на средства и опрема за заштита достапни на пазарот;
- Во отсуство на јасно дефинирање на карактеристиките на заштитната опрема која треба да ја користи медицинскиот персонал во ЈЗУ на пазарот се појавиле и се набавувале различни видови на опрема за кои постои ризик дека не поседуваат карактеристики и квалитет за соодветна заштита и превенција во работните процеси кои се одвиваат во време на пандемија;
- Дел од тендерските документации се изготвени на начин кој не им обезбедува на економските оператори целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапките за јавни набавки;
- Воспоставениот начин на спроведување на постапките со преговарање без објавување на оглас не овозможува еднаков третман и конкуренција помеѓу економските оператори. Имено, за дел постапките за јавни набавки спроведени се преговарања со еден економски оператор;
- Дел од институциите при спроведувањето на постапките не објавиле известување на ЕСЈН за доброволна претходна транспарентност ниту пак известување за поништување на постапка за јавна набавка што влијае на отчетноста и интегритетот во постапките за јавна набавка;
- Утврдени се состојби кои влијаат врз објективноста при евалуација на понудите, во поглед на условите и барањата на договорниот орган, што влијае на еднаков третман на економските оператори и ограничувањето на конкуренцијата;
- Утврдени се неусогласености помеѓу доделените договори за јавна набавка и тендерските документации и техничките спецификации што го отежнува следењето на реализација од аспект на тоа дали фактурираните цени соодветствуваат со договорените;

– При реализација на дел од договорите, не е воспоставен соодветен систем на контрола со кој ќе се осигура дека предвидените активности се реализирани во целост.

За надминување на утврдените состојби до одговорните лица на институциите вклучени во процесот, ревизијата даде препораки за преземање соодветни мерки и активности со цел да се надминат утврдените состојби во наредниот период.

Во делот на останати прашања ревизијата укажува на состојби кои се однесуваат на начинот на докажувањето на професионалната способност и не предвидување на банкарски гаранции при спроведување на постапките за јавни набавки, што создава ризик од ненавремено и неквалитетно реализирање на договорите за јавни набавки.

Добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на усогласеност на тема "Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – COVID 19" и тоа:

- На ден 12.05.2021 година од ЈП Службен Весник на Република Северна Македонија застапувано од м-р Татијана Лалчевска-директор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-560/25 од 12.05.2021 година;
- На ден 25.05.2021 година од ЈЗУ Клиничка болница - Штип застапувана од д-р Ален Георгиев – медицински директор заведени во Државниот завод за ревизија под број 17-544/32 од 25.05.2021 година;
- На ден 28.05.2021 година од Македонска академија на науките и уметностите застапувана од акад. Љупчо Коцарев-претседател,заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-560/26 од 28.05.2021 година;
- На ден 31.05.2021 година од ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Охрид застапувана од Др. Елена Коваческа – Башуровска, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-560/28 од 31.05.2021 година.

Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и е констатирано дека од вкупно девет забелешки, две не се прифаќаат, шест претставуваат известување за причините за утврдените состојби и една забелешка е прифатена

1. Вовед

1.1. Извршена е ревизија на усогласеност на тема "Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор" со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – COVID 19 во период од 01.03.2020 година до 01.10.2020 година, иако некои прашања и настани се опфатени и последователно до денот на известување од извршената ревизија.

1.2. Ревизијата на усогласеност од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е извршена ревизија на усогласеност на оваа тема, ниту е издаден извештај за годините кои претходат на периодот опфатен со оваа ревизија.

1.4. Планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки во институциите предмет на ревизија со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – COVID 19 за периодот од 01.03.2020 до 01.10.2020 година е одговорност на раководството на:

Влада на РСМ– Генерален секретаријат застапуван од:
- д-р. Драги Рашковски – Генерален секретар

Министерство за здравство застапувано од:
- доц. др. Венко Филипче, министер

Министерство за внатрешни работи застапувано од:
- м-р Оливер Спасовски, министер

ЈЗУ Градска општа болница "8-ми Септември" застапувана од:
- проф. д-р. Христијан Костов, директор

ЈЗУ Центар за јавно здравје Скопје застапуван од:
- Прим.М-р.спец. д-р Александар Стојанов, директор

ЈЗУ УК за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар застапувана од:
- д-р Илир Хасани, директор

ЈЗУ Здравствен дом Скопје застапуван од:
- д-р Виктор Исјановски, медицински директор

- г. Бесим Кока, организациски директор

ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата – Козле застапуван од:
- м-р.д-р.спец Ангелчо Андоновски, медицински директор
- г. Ријад Алими, организациски директор,

ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид застапуван од:
- г. Сашо Точков, директор

ЈЗУ Здравствен дом Охрид застапуван од:
- д-р Ајсел Зејновска, директор

ЈЗУ Општа болница Охрид застапувана од:
- м-р.спец. Славица Малеска, директор

ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања – Охрид застапувана од:
- д-р.Спец. Елена Коваческа Башуроска, директор

ЈЗУ Здравствен дом "ДР. Хаим Абравангел" Битола застапуван од:
- д-р Весна Спиркоска, директор

ЈЗУ Клиничка болница Битола –" ДР. Трифун Пановски" застапувана од:
- д-р Биљана Гагачовска, в.д. директор

ЈЗУ Клиничка болница Штип застапувана од:
- д-р Ален Георгиев, директор

АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје застапувано од:
- м-р. Васко Ковачевски, генерален директор

Македонска академија на науките и уметностите застапувана од:
- акад. Љупчо Коцарев, претседател

ЈП Службен весник на Република Северна Македонија застапувано од:
- г-ѓа Татјана Лалчевска, в.д. директор

Општина Бутел застапувана од:
- г. Велимир Смилевски, градоначалник

Оваа одговорност вклучува дизајнирање и имплементација на контролите при планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – COVID 19 во периодот од 01.03.2020 до 01.10.2020 година.
Раководството на субјектите е исто така одговорно за осигурување дека активностите и информациите се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат заклучок за усогласеност на доделените договори за јавни набавки од страна на институциите со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – COVID 19 со релевантната законска регулатива, уредби и заклучоци.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали воспоставените контроли обезбедуваат спречување или откривање на грешките во планирањето, спроведувањето и реализацијата на овие постапки за јавна набавка.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали доделените договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – COVID 19 се во согласност со законската регулатива.
Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.
Со ревизија опфатени се 19 институции од различни дејности и региони во РСМ кои во периодот од 01.03.2020 година до 01.10.2020 година доделиле материјално значајни договори за јавна набавка во насока на превенција и заштита од Ковид 19, а дел од нив биле директно инволвирани во справувањето со пандемијата. Податоците за висината на доделените договори за јавна набавка се преземени од ЕСЈН и веб страната www.koronavirus.gov.mk која претставува алатка за финансиска транспарентност на Владата на Република Северна Македонија.

2. Цели, критериуми и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на усогласеност на тема: "Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – COVID 19", е да

овозможи ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали институциите обезбедуваат транспарентност, отчетност, законитост и рационално користење на средствата при планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки за превенција и заштита од корона вирусот – COVID 19.

2.2. Критериуми во однос на кои предметната материја е споредувана се:

- Закон за јавните набавки;
- Закон за буџетите;
- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола;
- Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- Закон за лекови и медицински средства.

За управување и надминување на последиците од кризата донесени се Уредби со сила на закон донесени од страна на Владата на РСМ и тоа:

- Уредба со законска сила за интервентна набавка на заштитни маски со цел спречување на последиците од корона вирусот (COVID 19) за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за интервентна набавка на медицински ракавици за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за интервентна набавка на респираторни машини за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба.

За преземање мерки и активности за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус) донесени се Заклучоци на Владата на РСМ и тоа:

- Заклучок од 11.03.2020 година[1] со кој се задолжува МЗ да изврши дезинфекција на сите детски градинки и училишта на територијата на РСМ и да обезбеди/пренамени средства за медицинска опрема потребна за справување со пандемијата.
- Заклучок од 06.04.2020 година [2] со кој се задолжува МЛС да пренамени средства од Проектот „Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој“ во висина од 260.000 CHF во Буџетот на МЗ, кое ќе спроведе постапката за набавка на монтажните контејнери и останатите реквизити.

[1] Записник од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11.03.2020 година.

[2] Записник од Триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 06.04.2020 година.

- Заклучоци од 02.04.2020 година и 13.04.2020 [3] во делот на рационализација на јавните набавки со кои се даваат насоки до институциите од јавниот сектор за поништување на постапките за јавни набавки кои се непродуктивни (мебел, возила и слична опрема), избегнување на несуштински набавки и спроведување на постапките за јавни набавки во согласност со пренаменета на средства во буџетот на РСМ од 9 април 2020 година;
- Заклучоци од 26 и 27.05 2020 година[4] со кои се задолжуваат институциите за зголемување на фискалната транспарентност поврзана со кризата Ковид-19 во насока на овозможување модул во ЕСЈН за означување на набавките поврзани со Ковид 19, објавување на известувања за доброволна претходна транспарентност и објавување на сите доделени договори за превенција и заштита од Ковид 19.

Податоците обелоденети во извештајот се обезбедени преку:

- Електронскиот систем за јавни набавки во однос на известувањата за доделени договори за јавна набавка;
- веб страната www.koronavirus.gov.mk која претставува алатка за финансиска транспарентност на Владата на Република Северна Македонија на која се објавуваат податоци за доделени договори за јавна набавка за превенција и заштита од корона вирусот COVID 19.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 06.10.2020 до 28.02.2021 година од тим на Државниот завод за ревизија.

[3] Записник од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 02.04.2020 година, Записник од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13.04.2020 година и Записник од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13.04.2020 година.

[4] Записник од Педесет и седмата седница на Владата на РСМ одржана на 26 и 27 мај 2020 година.

3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој Извештај беа дискутирани на завршен состанок со раководството и одговорните лица на субјектите предмет на ревизија на ден 26 март2021 година.

Добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на усогласеност на тема "Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – COVID 19" и тоа:

- На ден 12.05.2021 година од ЈП Службен Весник на Република Северна Македонија застапувано од м-р Татијана Лалчевска-директор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-560/25 од 12.05.2021 година;
- На ден 25.05.2021 година од ЈЗУ Клиничка болница - Штип застапувана од д-р Ален Георгиев – медицински директор заведени во Државниот завод за ревизија под број 17-544/32 од 25.05.2021 година;
- На ден 28.05.2021 година од Македонска академија на науките и уметностите застапувана од акад. Љупчо Коцарев-претседател, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-560/26 од 28.05.2021 година;
- На ден 31.05.2021 година од ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Охрид застапувана од Др. Елена Коваческа – Башуровска, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-560/28 од 31.05.2021 година.

Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и е констатирано дека од вкупно девет забелешки, две не се прифаќаат, шест претставуваат известување за причините за утврдените состојби и една забелешка е прифатена.

3.1. Почитување на законските одредби во процесот планирање на постапките за јавна набавка во време на пандемија

Појавата на Ковид 19 предизвика здравствена криза во светски рамки, која негативно се одрази и врз економијата. За поуспешно справување со оваа состојба на територијата на РСМ на 18.03.2020 година од страна на Претседателот на РСМ прогласена е вонредна состојба, со продолжено траење до 13.06.2020 година. Во овој период за управување и надминување на последиците од кризата Владата има донесено повеќе уредби со сила на закон. Во такви услови беа потрошени средства кои не беа планирани, ниту одобрени во буџетите на буџетските корисници, а кои се искористија за набавка на заштитни средства, лабораториски тестови за Ковид 19, како и опрема кој беше неопходна за болничко лекување и третирање на пациентите.

Најголем товар при справувањето со пандемијата падна на ЈЗУ и органите на државна управа чија примарна дејност е јавното здравство. Институциите се соочија со голем број на ограничувачки фактори при справувањето со кризата пред се поради недостаток на човечки кадар, намалени капацитети за работа и недостаток на пласирани стоки на пазарот неопходни за справување со кризата.
Оваа криза предизвика значајни промени во многу сфери, како во секојдневниот живот така и во функционирањето на институциите од јавниот сектор. Системот на јавните набавки не беше исклучок од оваа состојба, бидејќи се променија оперативните услови за работа, се појавија нови предизвици а традиционалните станаа посериозни. Институциите мораа да се прилагодат на овие услови и да пронајдат решенија кои најчесто не се стандардни. Воедно оваа криза ја зголеми одговорноста при спроведувањето за јавни набавки бидејќи заштитата на здравјето и животот на луѓето директно зависат од истите.

3.1.1. Најголем дел, односно 88% од спроведените постапки во функција на заштита и превенција од пандемијата се спроведени со користење на постапката со преговарање без објавување на оглас. Како причина за користење на оваа постапка е наведена "крајната итност", која настанала како резултат на настани кои не можеле да се предвидат, а со кои биле загрозени безбедноста, животот и здравјето на луѓето, која е предвидена со член 55 од Законот за јавните набавки. Од друга страна, отсуствува акт со кој ќе се определи каков вид на стоки, услуги и работи може да се набавуваат во време на вонредна/кризна состојба како и прецизна дефиниција за критериуми за утврдување на "итноста" на определена набавка.
Со извршениот увид во спроведените постапки ги констатиравме следните состојби:

- И покрај тоа што во Одлуките за јавна набавка се дадени образложенија дека набавките се спроведуваат со цел превенција и заштита од Ковид 19, дел од набавените стоки се и за потребите на редовното функционирање на институциите, при што се доделени договори/рамковни спогодби во времетраење од една година кои не се реализирани во целост;
- договорните органи спроведувале набавки од крајна итност и во периодот кога можела да се спроведе редовна постапка за јавна набавка. Извршивме анализа на постапките кои се применувале и во периодот кој не е опфатен со ревизијата при што утврдивме дека и понатаму институциите спроведуваат постапки од причини од крајна итност. Имено во периодот од 01.10.2020 година до 28.02.2021 година по овој основ доделени се договори во износ од 88.067 илјади денари за кои е детално известено во Прилог бр.1 кон овој Извештај.

Утврдените состојби упатуваат на тоа дека не секогаш биле исполнети условите за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас, а "итноста" на определена набавка е предмет на субјективно толкување од страна на одговорните лица во институциите од јавниот сектор. Овие состојби создаваат ризик од нарушување на начелата на конкуренција, транспарентност и еднаков третман и недискриминација на економските оператори, што не е во согласност со член 5, член 6 и член 7 од Законот за јавните набавки. И покрај тоа што Владата донела мерки за рационализација и намалување на непродуктивните расходи,[5] постои ризик за нерационално трошење на буџетските средства.

Препорака:

- Владата во соработка со надлежните институции да преземе активности за:
  - доуредување на законската регулатива со цел точно дефинирање на видот на стоките, услугите и работите кои можат да бидат предмет на итна набавка во време на вонредна/кризна состојба;
  - дефинирање на критериуми согласно кои определена набавка може да се карактеризира како итна во време на вонредна/кризна состојба;
- Одговорните лица во институциите кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки во делот на своите надлежности да преземат активности за навремено планирање и прецизирање на постапките за јавна набавка во функција на подигнување на нивото на транспарентност и конкуренција помеѓу економските оператори и спроведување на редовните постапки за јавни набавки.

3.1.2. Планирањето на набавките е една од најзначајните фази во циклусот на набавки. Успешноста на планирањето пак е условена од многу фактори, но како еден од поважните е анализата на пазарот, преку која ќе се добијат информации за :

- економските оператори, нивните производи и цени;
- претходни понуди;
- набавени слични стоки од страна на други институции.

Со настанувањето на пандемијата, институциите не биле во можност навремено и според потребите да ја спроведат фазата на планирање на набавките, бидејќи се создала потреба за итно обезбедување на средства за превенција и заштита. Имено:

- доставени се покани за преговарање до економски оператори со кои претходно била остварена соработка, без да се изврши дополнителна анализа

[5] Записник од 33 Седница на Влада на РСМ одржана на 02.04.2020

и истражување за поголем број економски оператори кои ги нудат потребните производи на пазарот;
- не е спроведена анализа за видот и количините на средства и опрема за заштита од Ковид 19 достапни на пазарот. Дел од институциите користеле анализа и координација со други институции кои вршеле слични набавки, поради што не секогаш се обезбедувале соодветните производи и количини;
- проценетите вредности на набавките најчесто биле превисоки поради несоодветно планирање на количини и можни цени на стоките предмет на набавка, а поради отсуство на добиени понуди има случаи и на поништување на постапките.

Слабостите во планирањето влијаат врз непреченото функционирање на институциите, извршување на нивните надлежности и задоволување на вистинските потреби како и обезбедување на конкуренција. Утврдените состојби не се во согласност со член 39, 75 и 76 од Законот за јавните набавки.

Препорака:

Одговорните лица во институциите кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:
- планирањето на набавките да се врши врз основа на соодветни информации за економските оператори кои би можеле да одговорат на потребите на институциите со цел да се обезбеди конкуренција во постапките;
- планирањето на проценетата вредност на набавката и потребните количини да се врши врз основа на детална анализа на реалните потреби на институциите и податоци за стоки, работи и услуги достапни на пазарот.

3.1.3. Користењето на заштитна опрема е еден од начините за заштита и превенција од пандемијата. Минималните барања за безбедноста и здравјето на вработените при употреба на личната заштитна опрема при работа се уредени со Правилник кој е усогласен со стандардите на Европската унија како и меѓународните прописи во однос на дизајнот и производството на опремата[6]. Во Правилникот не е опфатена личната заштитна опрема која се употребува од страна на вработените во ЈЗУ.

Со извршената анализа на набавената опрема за лична заштита за вработените лица во ЈЗУ констатиравме дека одговорните лица не воспоставиле приоритети и јасни критериуми за видот и квалитетот на опремата која се набавува. Имено, во техничките спецификации на различни ЈЗУ дефинирани се различни видови на

[6] Правилник за лична заштитна опрема која вработените ја употребуваат при работа (Службен весник на РМ бр. 116 од 27.09.2007).

заштитна опрема која е од ист или сличен карактер без да се води сметка дали истите можат/смеат да се користат во работните процеси кои се одвиваат во време на пандемија.[7] Ова е особено важно бидејќи, дел од заштитната опрема која се користи од страна на медицинскиот персонал не е опфатена и класифицирана како медицинско средство согласно Законот за лекови и медицински средства.
Во отсуство на јасно законско дефинирање на карактеристиките на заштитната опрема која треба да ја користи медицинскиот персонал во ЈЗУ, на пазарот се појавиле и се набавувале различни видови на опрема за кои постои ризик дека не поседуваат карактеристики и квалитет за соодветна заштита и превенција. Оваа состојба може да предизвика и дополнителни трошоци за набавка на стоки за иста намена што влијае на рационалното и ефикасното искористување на буџетските средства предвидено со начелата во Законот за буџетите и Законот за јавни набавки.

Препорака:

Министерството за здравство во соработка со надлежните институции од областа на здравството да преземе активности за дефинирање на квалитетот и карактеристиките на опремата која ќе се користи од страна на вработените во ЈЗУ во работниот процес во услови на пандемија и истата да биде во функција на заштита од ризикот на кој се изложени.

3.2. Почитување на законските одредби во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки во време на пандемија

Во периодот од 01.03.2020 година до 01.10.2020 година доделени се договори за јавна набавка во износ од 416.630 илјади денари. Предмет на ревизија се склучени договори за јавна набавка во износ од 335.446 илјади денари што претставува 80,5% од вкупно доделените договори за јавна набавка во периодот кој е предмет на ревизија. Прегледот на институциите опфатени со ревизијата е даден во **Табела бр.1** од овој Извештај.
Констатираните состојби за постапките предмет на оваа ревизија се дадени групирани во посебни точки, по вид на неправилност за секоја од фазите од спроведувањето на постапките за јавна набавка. Детални податоци за утврдените неправилности по поединечните постапки и нивната финансиска рамка се дадени во посебни точки и прилози кон овој извештај.

[7] маски (хируршки, платнени, еднослојни, двослојни или трислојни, за еднократна или повеќекратна употреба), скафандери (различно ниво на квалитет), каљачи и ракавици (со талк или без талк), дезинфекциски средства, топломери и др

Табела бр.1 - Договорни органи и вредност на доделени договори опфатени со ревизијата

РБ	Договорен Орган	Вредност на доделени договори во 000 денари	Процент од вкупно доделени договори
1	Министерство за внатрешни работи	114.287	27,43%
2	Министерство за здравство	43.383	10,41%
3	ЈЗУ.УК за трауматологија,ортопедски болести,анестезија,реанимација и ин.лекување и ургентен центар	34.533	8,29%
4	ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје	31.815	7,64%
5	ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" Скопје	25.587	6,14%
6	ЈЗУ Здравствен дом Скопје	16.758	4,02%
7	Влада на РС Македонија - Генерален секретаријат	15.066	3,62%
8	Македонска академија на науките и уметностите	12.450	2,99%
9	ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле Скопје	10.371	2,49%
10	АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје	6.945	1,67%
11	ЈЗУ Клиничка болница - Штип	5.490	1,32%
12	ЈП Службен весник на Република Северна Македонија	4.278	1,03%
13	ЈЗУ Здраствен Дом - Охрид	3.637	0,87%
14	Општина Бутел	3.535	0,85%
15	ЈЗУ Клиничка болница Битола	2.520	0,60%
16	ЈЗУ Општа болница Охрид	2.179	0,52%
17	ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид	1.178	0,28%
18	ЈЗУ Специјализирана болница за превенција лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Охрид	846	0,20%
19	ЈЗУ Здравствен дом Битола	588	0,14%
	Вкупен опфат со ревизија	335.446	80,51%
	Вкупно доделени договори со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот COVID 19 во 000 денари во периодот од 01.03.2020 година до 01.10.2020 година	416.630	

3.2.1 Појавата на пандемијата ги принуди институциите да вршат набавки кои не биле предвидени во нивните годишни планови а биле неопходни за справување со последиците од истата. Од извршената анализа на Уредбите донесени во време на вонредна состојба, начинот на кој се спроведени постапките за јавна набавка во целокупниот период на траење на пандемијата постигнатите цени на стоките ги утврдивме следниве состојби:

- Владата на РСМ нема донесено одлука со која ќе задолжи една институција за централизирано/групно спроведување на јавните набавки за потребите на сите институции во јавниот сектор што е дадено како можност со член

61 став 7 од Законот за јавните набавки. И покрај тоа што во периодот на траење на вонредната состојба се донесени Уредби[8] за интервентни набавки на маски и ракавици, со кои се предвидени максимални цени и количини на овие стоки како и една институција која треба да ги спроведе набавките, не се преземени активности за постапување по истите;

- не е донесена обврзувачка одлука за ограничување на максималната поединечна цена и маржа на продажба на потребните стоки која може увозниците на производи да ја применат при пласирање на своите производи на пазарот во услови на пандемија. Како резултат на ова, овозможени се големи разлики помеѓу увозната и договорената цена на тестови за детекција на Ковид 19 во постапки за јавна набавка. Имено, кај две постапки за јавна набавка, цената по која е доделен договорот е со далеку повисока цена од увозната (Прилог бр.2 кон овој извештај);
- и покрај тоа што пандемијата трае подолг период во кој институциите постојано спроведуваат постапки со преговарање без објавување оглас, односно не користат редовни постапки за јавни набавки, не се преземени активности за изготвување на упатства и обрасци на стандардна тендерска документација и техничка спецификација со кои ќе се унифицираат правилата на спроведување на набавките кои имаат итен карактер како и карактеристиките на стоките предмет на набавка;
- во голем дел од постапките за јавна набавка не е обезбедена конкуренција помеѓу економските оператори, што како состојба е детално образложена во точка 3.2.3 од овој Извештај.

Поради овие состојби констатиравме дека за исти или слични стоки во различни институции се постигнати различни цени. Варијацијата на цени кај определени стоки достигнува значителни разлики и истата е прикажана во табелата подолу.

Табела бр. 2 - Преглед на најниски и највисоки постигнати цени на најчесто набавувани стоки во периодот предмет на ревизија

[8] Уредба со законска сила за интервентна набавка на заштитни маски со цел спречување на последиците од корона вирусот (COVID 19) за време на вонредна состојба (Службен весник на РСМ бр.100 од 13.04.2020);
Уредба со законска сила за интервентна набавка на медицински ракавици за време на траење на вонредна состојба (Службен весник на РСМ бр.100 од 13.04.2020);

стока	единечна мерка	од 01.03.2020 до 30.06.2020			од 01.07.2020 до 30.09.2020		
		најниска единечна цена без ДДВ	највисока единечна цена без ДДВ	вкупна вредност на доделени договори (000) ден	најниска единечна цена без ДДВ	највисока единечна цена без ДДВ	вкупна вредност на доделени договори (000) ден
Заштитни маски - понизок степен на квалитет	парче	16	100	70.216	4,79	107,2	1.887
Заштитни маски - повисок степен на квалитет (EN 149:2001 стандард, FFP3, N95, KN 95)	парче	56	312	5.949	40	127	3.506
заштитни мантили	парче	20	2000	6.242	67	290	5.055
Скафандери/комбинизони со високо ниво на заштита	парче	140	1364	12.258	106	1250	12.597
Заштитни ракавици	парче	1,49	7,9	36.857	2,37	15	2.453
Средство за дезинфекција на раце	литар	42	440	6.960			
Тестови за детекција на Ковид 19	парче	440	3100	9.922	401	1492	24.528
Каљачи	парче	0,7	42.37	898	1,7	25	248
Хируршки капи	парче	0,8	30	301	1,45	7,5	457
Заштитни наочари	парче	100	490	214	82	198	509

Утврдените состојби, како и користењето на постапката за преговарање без објавување на оглас овозможува субјективно формирање на цените на стоките предмет на набавка и доделување на договори по цени кои не се реални во однос на пазарните и влијае на рационалното користење на средства во постапките за јавни набавки. што не е во согласност со член 4 од Законот за јавни набавки.

Препорака:

- Владата во соработка со надлежните институции да преземе активности за:
  - иницирање на доуредување на законска регулатива со што ќе се создаде обврска за утврдување на институција која во рамки на својата надлежност централизирано ќе ги спроведува јавните набавки кои се во насока на превенција и заштита за време на вонредна/кризна состојба во зависност од настанатата непогода;
  - носење на подзаконски акт со кој ќе се утврди индикативен список на стоки, услуги и работи кои може да се набавуваат како и ограничување на маржите во време на вонредна/кризна состојба;
- Министерството за здравство во соработка со Бирото за јавни набавки да преземе активности за изготвување на упатства и обрасци на стандардна тендерска документација и техничка спецификација со кои ќе се унифицираат правилата согласно кои ќе се спроведуваат набавките и карактеристиките на стоките кои се набавуваат во насока на превенција и заштита од заразни болести.

3.2.2 Тендерските документации и техничките спецификации се документите во кои институциите ги утврдуваат правилата по кои ќе се спроведе постапката за јавна набавка. Истите треба да бидат изготвени на начин кој ќе ја поттикне конкуренцијата, и во нив треба што е можно појасно да се дефинираат критериумите за квалитативен избор на економски оператори, а карактеристиките на предметот на набавката треба да се определени на објективен и недискриминаторски начин. Со извршениот увид во начинот на кој се изготвени овие документи кај 33% од вкупниот износ на доделени договори предмет на ревизија ги констатиравме следните состојби кои се детално образложени во Прилог бр. 3 кон овој извештај:

- во тендерските документации на дваесет и четири постапки за јавна набавка не се наведени информации во врска со задолжителните одредби кои ќе ги содржи договорот за јавна набавка;
- во една постапка за јавна набавка не е изготвена тендерска документација, туку само технички спецификации и покана за поднесување на понуди.
- во една постапка за јавна набавка во прилогот кон тендерската документација "финансиската понуда" наведени се единечните цени на стоките предмет на набавка со што однапред е формулирана финансиската рамка на постапката за јавна набавка;
- во две постапки за јавна набавка во тендерските документации не предвидена гаранција на понудата во вид на банкарска гаранција, ниту пак изјава за сериозност на понудата;
- во четири постапки за јавни набавки, констатиравме дека со техничките спецификации се упатува на конкретно производство или трговски марки. Имено, начинот на кој се дефинирани техничките спецификации на предметот на набавката е идентичен како и во брошурите/каталозите на понудувачите на кои им е доделен договорот за јавна набавка;
- во две постапки за јавна набавка предметот на набавката не е дефиниран на јасен и недвосмислен начин во техничките спецификации;
- во две постапки за јавна набавка, техничката спецификација содржи упатување на одреден стандард но истото не е проследено со зборот или "еквивалент".

Поради утврдените состојби економските оператори немале целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапките за јавни набавки. Наведеното не е во согласност со член 5, член 81 , член 82 и член 101 од Законот за јавните набавки и влијае на намалување на конкуренцијата, еднаквиот третман на економските оператори и на начинот на користење на јавните средства.

Препорака:

Одговорните лица во институциите од јавниот сектор кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:

- во тендерските документации да се наведат информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка;
- предметот на набавка во техничките спецификации да се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин;
- при изготвување на техничките спецификации, предметот на набавката да биде дефиниран на начин кој нема да упатува на конкретно производство или трговска марка.

3.2.3 Во спроведените постапки за јавни набавки најчесто се користи критериумот најниска цена и се спроведуваат постапки со преговарање без објавување на оглас. Предметот на набавката најчесто е оформен во повеќе делови со што е овозможено во една постапка да се спроведат поголем број преговарања. Од увидот во начинот на кој се извршени преговарањата кај 38% од вкупниот износ на доделени договори предмет на ревизија ги констатиравме следните состојби кои се детално образложени во Прилог бр.4 кон овој извештај:

- во седумнаесет спроведени постапки за јавна набавка и нивните делови за кои требало да се спроведе преговарање, пристигната е понуда од само еден економски оператор, иако институциите испратиле покани за преговарање до поголем број на економски оператори;
- во осум постапки за јавна набавка испратени се покани за преговарање до само еден економски оператор;
- институциите кои во рамки на својата дејност вршат лабораториски испитувања за присуство на COVID 19, анализите ги правеле со апарати кои ги поседуваат или ги набавиле во периодот на пандемијата. Овие апарати се со затворени системи, односно користат реагенси кои ги обезбедува економскиот оператор од кој истите се набавени или е ексклузивен застапник за стоките предмет на набавката. Од извршената ревизија на шест постапки за јавна набавка на апарати и тестови констатиравме дека во сите случаи се доставува понуда од само еден економски оператор. Горенаведеното придонесува да не се создадат услови за намалување на цената при спроведувањето на преговарањето поради што се прифаќа цената која е дадена во понудата на единствениот понудувач.

Воспоставениот начин на спроведување на постапките со преговарање без објавување на оглас не овозможува еднаков третман и конкуренција помеѓу

економските оператори и создава ризик дека понудените конечни цени не ја одразуваат реалната пазарна вредност на стоките кои се предмет на набавка. Најниската и највисоката постигната цена по која се набавувани стоките во различни институции е дадена во Табела бр. 2 од овој Извештај. Горенаведеното не е во согласност со член 4, член 5 и член 7 од Законот за јавни набавки и влијае на рационалното и ефикасното искористување на средствата во постапките за јавна набавка.

Препорака:

Одговорните лица на институциите од јавниот сектор кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:

- при спроведување на постапки со преговарање без објавување на оглас договорните органи задолжително да доставуваат покани до поголем број на економски оператори;
- да се измени воспоставениот начин на набавка на апарати и тестови за лабораториско испитување на присуство на Ковид 19 со цел да се обезбеди конкуренција помеѓу економските оператори и рационално користење на буџетски средства.

3.2.4 Во функција на примена на начелото на транспарентност институциите треба да им ги обезбедат сите информации на економските оператори и на пошироката јавност кои се однесуваат на постапките за доделување на договори за јавни набавки. Неопходноста од почитувањето на ова начело особено доаѓа до израз за набавките кои се спроведени во време на пандемија. Во насока на зголемување на фискалната транспарентност поврзана со пандемијата Владата на РСМ има донесено Заклучоци[9] во кои се даваат насоки за транспарентно и отчетно постапување на институциите. Со извршениот увид во начинот на постапување кај 69% од вкупниот износ на доделени договори предмет на ревизија ги констатиравме следните состојби кои се детално образложени во Прилог бр. 5 кон овој извештај:

- во дваесет и осум постапки за јавна набавки институциите немаат објавено известување за доброволна претходна транспарентност за спроведените постапки;
- во дванаесет постапки за јавна набавки институциите не објавиле известување на ЕСЈН за поништени постапки или делови од истите.

Непочитувањето на начелото на транспарентност влијае на отчетноста, интегритетот и конкуренцијата во постапките за доделување на договори за јавна

[9] Записник од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 26.05.2020 година

набавка и не е во согласност со членовите 68 и 114 став 4 од Законот за јавните набавки како и со Заклучоците на Владата на РСМ.

Препорака:

Одговорните лица во институциите од јавниот сектор кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:

- да објавуваат известување за доброволна претходна транспарентност на ЕСЈН кога спроведуваат постапка за јавна набавка која се однесува на превенција и заштита од Ковид 19 во периодот додека трае кризната состојба;
- Одлуките за поништување на постапка да се објавуваат во ЕСЈН.

3.2.5 Во фазата на евалуација на понудите се проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачите како и прифатливоста на понудите и нивно рангирање. Со извршениот увид во начинот на кој се вршела евалуацијата на понудите кај 13% од вкупниот износ на доделени договори предмет на ревизија ги констатиравме следните состојби кои се детално образложени во Прилог бр. 6 кон овој извештај:

- во една постапка за јавна набавка не е доставен доказ за извршено преговарање, односно изборот на најповолна понуда се врши врз основа на критериумот најниска цена без притоа да се направи обид за намалување на првично понудената цена;
- во извештаите од спроведените постапки не се приложени образложенија за начинот на кој е спроведена постапката со преговарање без објавување на оглас, а 4 извештаи не се детално изготвени и отсуствува предлог за избор на најповолна понуда. Горенаведеното не е во согласност со член 111 од Законот за јавните набавки и Правилникот за начинот на пополнување, како и формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка;
- во две постапки за јавна набавка доделен е договор во рамки на проценетата вредност со Одлуката за јавна набавка и покрај тоа што избраните најповолни понуди биле на износ значително повисок од истата. Институциите не ја измениле Одлуката за јавна набавка со цел да дообезбедат средства потребни за набавката, а од друга страна не ја оцениле понудата како неприфатлива. Горенаведеното не е во согласност со член 77 став 5 од Законот за јавни набавки;
- во тендерските документации на три постапки за јавна набавка, економскиот оператор кому му е доделен договорот за јавна набавка при извршувањето на договорот користел подизведувачи кои не ги навел во понудата, а користењето на подизведувачи не е предвидено во тендерската

документација. Утврдените состојби не се во согласност со член 118 став 2 и член 81 од Законот за јавните набавки – евалуација;

- во една постапка за јавна набавка донесена е Одлука за поништување на делови од постапката, но и покрај тоа за еден од деловите доделен е договор за јавна набавка. За овој дел економскиот оператор со кој е склучен договор има доставено понуда, но за помала количина од предвидената во тендерската документација;
- во една постапка за јавна набавка понуда која е избрана за најповолна не ги содржи поединечните цени, што не е во согласност со предвиденото во техничката спецификација;
- во 8 постапки за јавна набавка при изготвувањето на изјави за непостоење на судир на интереси ги утврдивме следниве недоследности кои не се во согласност со член 38 од Законот за јавните набавки:
  - во дел од постапките за јавна набавка не се приложени изјави за непостоење на судир на интереси;
  - во дел од постапките изјавите за непостоење на судир на интереси не се архивски заверени.

Горенаведените состојби влијаат врз објективноста при евалуација на понудите, интегритетот и отчетноста во спроведувањето на постапките и споредливост на понудите во поглед на условите и барањата на договорниот орган, што влијае на еднаков третман на економските оператори и ограничувањето на конкуренцијата.

Препорака:

Одговорните лица во институциите од јавниот сектор кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:

- да се документира процесот на преговарање и изборот на најповолна понуда и да се наведе образложение во извештаите од спроведените постапки;
- во целост да се проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачите како и прифатливоста на понудите;
- Изјавите за судир на интереси да бидат уредно потпишани и архивски заверени од страна на сите членови на комисијата за јавни набавки.

3.2.6 Институциите доделуваат договор за јавна набавка во согласност со најповолната понуда и условите утврдени во тендерската документација. Со извршениот увид во начинот на кој се доделувале договорите за јавна набавка ги констатиравме следните состојби кои се детално образложени во Прилог бр. 7 од овој извештај:

- во една постапка доделен е договор за јавна набавка на стоки кои не се предвидени со техничката спецификација, што не е во согласност со член 81, 109 и 117 од законот за јавни набавки;
- во една постапка доделен е договор за јавна набавка во кој се дефинирани количини поголеми од предвидените со техничките спецификации, што не е во согласност со член 116 став 1 од Законот за јавните набавки;
- во една постапка за јавна набавка склучениот договор не содржи поединечните цени за поединечните ставки од техничката спецификација, што не е во согласност со член 116 став 1 од Законот за јавните набавки и член 14 став 3 и 5 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- во една постапка за јавна набавка утврдени се неусогласености помеѓу содржината на тендерската документација и одредбите од склучените договори. Имено, при дефинирањето на времетраење на договорите е предвиден подолг рок од оној во тендерската документација. И покрај тоа што не е утврдено отстапување во динамиката на реализација на договорот, овие пропусти може да влијаат неповолно доколку економскиот оператор не ги почитува обврските преземени со договорот.

Горенаведеното создава ризик од набавка на стоки кои не се предвидени со техничките спецификации и го отежнува следењето на реализација на договорите од аспект на тоа дали фактурираните цени соодветствуваат со договорените.

Препорака:

Одговорните лица во институциите од јавниот сектор кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки, договорите за јавна набавка да ги доделуваат согласно избраната најповолна понуда и условите предвидени во тендерските документации и техничките спецификации

3.2.7 Во фазата на реализација на склучените договори, институциите треба да обезбедат контролни механизми со кои ќе осигурат дека набавките ќе се извршат во потребните количини, квалитет и утврдените рокови. Со извршената ревизија на процесот на реализација на склучените договори во четири постапки за јавна набавка на работи/услуги ги констатиравме следните состојби кои се детално образложени во Прилог бр. 8 од овој извештај:

- постојат неусогласености помеѓу договорените и извршените работи и услуги. Имено, дел од предвидените ставки во техничките спецификации се извршени во помал или поголем обем во зависност од потребите, а во дел од постапките вршени се набавки кои не се предвидени во договорите;

- не е обезбеден соодветен надзор и следење на реализација на договорите, односно не е воспоставен соодветен систем на контрола со кој ќе се осигура дека предвидените активности се реализирани во целост. Следењето на реализацијата на договорите е вршено во интерни евиденции и. недостасува соодветна поткрепувачка документација која ќе послужи како доказ дека работите/услугите биле извршени реално и во согласност со наведеното во склучениот договор.

Поради утврдените состојби за овие постапки ревизијата не беше во можност да се увери во вистинитоста и целосноста на набавените услуги/работи и постои ризик институциите да преземале обврски кои се повисоки од реално извршените што влијае на рационалното користење на средствата. Овие состојби не се во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за сметководство на буџетот и буџетските корисници и одредбите од склучените договори

Препорака:

Одговорните лица во институциите од јавниот сектор кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки, да преземат активности за воспоставување на соодветен систем на контрола при следење на реализацијата на договорите за јавна набавка со кој ќе се осигура дека истата се одвива во согласност со предвиденото во договорите.

4. Ревизорски заклучок

Врз основа на извршената ревизија, утврдивме дека недоволно уредената законска регулатива за видот на набавки во време на вонредна/кризна состојба, отсуството на јасно дефинирање на карактеристики за заштитната опрема и прецизни критериуми за утврдување на "итноста" на определена набавка, како и неспроведени групни набавки и ограничување на максимална поединечна цена за набавките, придонеле да се остварат значајни разлики во постигнатите цени за исти или слични стоки кај институциите и постои потреба за подобрување на транспарентноста, отчетноста и законитоста во планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки за превенција и заштита од корона вирусот – COVID 19.

5. Останати прашања

Во делот на останати прашања укажуваме на констатации кои се резултат на надворешни фактори или околности а влијаат на навременото и квалитетното реализирање на договорите за јавна набавка.

5.1. Системот на јавните набавки во услови на пандемијата и прогласената вонредна кризна состојба од страна на Владата на РСМ не е исклучок од промените кои настанаа во многу сфери, како во секојдневниот живот така и во функционирањето на институциите од јавниот сектор. Воедно оваа состојба ја зголеми одговорноста при спроведувањето за јавните набавки, бидејќи заштитата на здравјето и животот на граѓаните директно зависат од истите, поради што од страна на институциите во краток временски период се спроведувани итни набавки. Овие набавки, согласно членот 55 став 1 од Законот за јавни набавки, се спроведуваат преку постапка со преговарање без објавување оглас, за што договорните органи можат да вршат набавки од крајна итност доколку се директно поврзани со пандемијата предизвикана од Ковид 19 за што не им е потребно претходно мислење од Бирото за јавни набавки (членот 55 став 6). Договорните органи во вакви услови користат нестандардни решенија спроведувајќи итни набавки кои го зголемуваат ризикот од непочитување на дел од основните начела при доделување на договорите за јавни набавки, односно договорниот орган ќе обезбеди:

- економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со прописите кои го уредуваат користењето на буџетските и другите јавни средства;
- соодветен квалитет на предметот на набавка во однос на неговата намена и вредност.

Со цел системот на јавни набавки да се подготви за идните предизвици и справување на надлежните органи со слични кризи и пандемии потребно е надлежните институции во натамошниот период да преземат мерки во насока на заштита на здравјето и животот на граѓаните при што е потребно дополнително да се регулира процесот на јавните набавки.

Во насока на наведеното ревизијата смета за потребно да укаже на потребата од доуредување на законските и подзаконските акти од областа на јавните набавки со кои ќе се доуреди начинот на постапување и тоа во делот на:

- определување каков вид на стоки, услуги и работи може да се набавуваат во време на вонредна/кризна состојба и утврдување дефиниција за критериуми за утврдување на "итноста" на определена набавка;
- утврдување на институција која во рамки на својата надлежност централизирано ќе ги спроведува јавните набавки кои се во насока на превенција и заштита за време на вонредна/кризна состојба во зависност од настанатата непогода;
- ограничување на маржите кои економските оператори може да ги остварат во постапките за јавни набавки на стоки, работи и услуги во време на вонредна/кризна состојба;
- доуредување на следење на процесот на реализација на склучените договори за јавни набавки, документирање на овие активности и

утврдување на обврска за номинирање на лице кое ќе ги извршува овие активности.

5.2. Поголемиот дел од постапките за јавна набавка со цел превенција и заштита од пандемијата се спроведуваат со користење на постапка со преговарање без објавување на оглас, при што институциите немаат законска обврска да ја проверат способноста на кандидатите. Водејќи се од ова, дел од институциите при спроведувањето на постапките не ја проверувале способноста на учесниците, особено во делот на утврдување на професионалната способност, односно доставување на доказ дека економскиот оператор е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка. Ваквата состојба создава ризик дека договорот за јавна набавка може да се додели на економски оператор чија дејност не соодветствува со потребите институциите што може да влијае на квалитетот, испораката на бараните стоки како и ненавремено преземање активности за заштита на безбедноста, животот и здравјето на граѓаните. Имајќи го предвид наведеното ревизијата е на мислење дека е потребно институциите да ја проверуваат способноста на економските оператори и во тендерските документации да се предвидат доставување на доказ дека економскиот оператор е регистриран за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка.

5.3. Голем дел од институциите при спроведувањето на постапките за јавни набавки не предвиделе гаранција на понудата во вид на банкарска гаранција ниту пак гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот што е предвидена како можност во член 101 и член 102 од Законот за јавните набавки. Имано од економските оператори се бара да достават изјави за сериозност на понудата поради што институциите не располагаат со адекватни и ефикасни правни механизми за наплата на штета. Оваа состојба создава ризик од ненавремено и неквалитетно извршување на договорот, без сериозни правни и финансиски последици за економскиот оператор, дотолку повеќе што се работи за постапки за јавни набавки кои се спроведуваат со цел заштита на безбедноста, животот и здравјето на луѓето. Имајќи го предвид наведеното ревизијата е на мислење дека е потребно во тендерските документации да се предвидат гаранции на понудите во вид на банкарска гаранција или гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Архивски број: 05- 910 / 1
10 -05-2021 година

До:

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

1000 Скопје,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Примено: Pranuar më: 12.05.2021
Орг. Един. Nj. org. Број: Nr. Прилог: Shtojcë: Вредност: Vlera
16-560/25

ПРЕДМЕТ: Образложение на забелешки

ВРСКА: Извештај на тема усогласеност на тема доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – COVID 19, ваш арх.бр. 16-560/23 од 22.04.2021 година

1. **Податоци за договорен орган**
   ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о.Скопје
   (назив на договорен орган)

   бул. Партизански одреди 29, 1000 Скопје
   (адреса)

   Елисавета Јаневска, тел. 070-543-679
   (лице за контакт, телефонски број)
   contact@slvesnik.com.mk;
   (официјална адреса на електронско сандаче за прием на писмена на договорниот орган)

   Почитувани,

   Согласно забелешките дадени во нацрт извештајот на тема усогласеност на тема доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот - COVID 19, ЈП Службен весник на РСМ ви доставува образложение на истите.

1. **Забелешка:** Договорниот орган нема доставено докази дека доставил покани за преговарање до поголем број на економски оператори, а добиена е една понуда и со истиот понудувач е склучен договор.

Образложение:

Согласно ново настаната ситуација со Covid – 19 вирусот, и имајќи ја во предвид непознатоста и неизвесноста која ја донесе истиот како и прогласената вонредна состојба, во тој период од годината, Бирото за јавни набавки на ден 17.03.2020 го објави следното **Известување за преговарање за постапки поврзани со епидемијата од COVID-19 вирусот:**

„Ги известуваме сите договорни органи кои треба да извршат набавки во постапка со преговарање без објавување оглас од причини од крајна итност, дека набавките кои се директно поврзани со епидемијата од COVID-19 вирусот можат да ги реализираат без претходно да бараат мислење од Бирото за јавни набавки, согласно со членот 55 став (6) од Законот за јавните набавки, а со цел потребите да се задоволат во најкус можен рок без било какво одлагање. Потребно е причините соодветно да се образложат во одлуката за јавна набавка."

Јавното Претпријатие Службен весник на РСМ пред да спроведе постапка за набавка со преговарање без претходно објавување на оглас, објави две отворени постапки за набавка на услуга – печатење и дистрибуција на службеното гласило "Службен весник на Република Северна Македонија" .

Пред објавување на оглас бр. **10875/2019** за набавка на услуга - печатење и дистрибуција на службеното гласило "Службен весник на Република Северна Македонија" за период од 01.01.2020 до 31.12.2021 година, Комисијата назначена со одлука на Управниот одбор на претпријатието заверена со наш арх.бр. 02-1972/1 од 20.09.2019 година, на ден 07.10.2019 година, на страната на ЕСЈН објави **покана за учество во спроведување на технички дијалог** со која ги повика сите заинтересирани економски оператори да дадат свои предлози и коментари на објавената тендерска документација, согласно член 76 од Законот за јавните набавки („Сл. весник на РМ" број 24/19).

Комисијата констатираше дека, до истекот на рокот за доставување на предлози и коментари на објавената тендерска документација, (15.10.2019 година), **не е доставен ниту еден предлог и коментар од страна на економските оператори.**

На ден 28.10.2019 година, комисијата на електронскиот систем за јавни набавки објави оглас бр. **10875/2019** за конкретната јавна набавка. На ден 27.11.2019 година, комисијата пристапи кон отворање на доставените понуди, по што изготви Записник од отворањето на понудите заверен под наш арх.бр. 05-2524/1 од 27.11.2019 година. Од Записникот од отворањето на понудите, евидентно е дека понуди доставиле тројца понудувачи и тоа:

- Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници-Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани;
- Друштво за печатарски услуги ПЕЧАТНИЦА СЕРАФИМОВСКИ ДОО Скопје и

- Друштво за услужни дејности во врска со печатење и објавување Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово

При прегледување на финансиските понуди на понудувачите, комисијата оцени дека техничката спецификација дава можност некои од понудувачите, да достават некоректни цени на поединечните ставки од техничката спецификација, кои би биле неспоредливи со понудените цени на поединечните ставки на другите понудувачи и секако би биле на огромна штета на Јавното претпријатие.

Со оглед на горенаведеното отворената постапка за набавка на услуга – печатење и дистрибуција на службеното гласило "Службен весник на Република Северна Македонија" за период од 01.01.2020 до 31.12.2021 година, објавена под број на оглас: 10875/2019 на ЕСЈН на 28.10.2019 година, **се поништи согласно член 114 став 1 алинеа 5 од ЗЈН.**

На ден 31.12.2019 година, Комисијата за јавна набавка на услуга – печатење и дистрибуција на службеното гласило "Службен весник на Република Северна Македонија" за период од 24 месеци од денот на склучување на договорот, на електронскиот систем за јавни набавки објави нов оглас бр. **15948/2019** за конкретната јавна набавка.

На ден 30.01.2020 година, комисијата пристапи кон отворање на доставените понуди, по што изготви Записник од отворањето на понудите заверен под наш арх.бр. 05-230/1 од 30.01.2020 година. Од Записникот од отворањето на понудите, евидентно е дека понуди доставиле тројца понудувачи и тоа:

- Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници - Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани, понуда заверена со наш арх. бр. 05-228/1 од 30.01.2020 година, кој доставил првична понуда во износ од 17,00 денари, цена за табак.
- Друштво за печатарски услуги ПЕЧАТНИЦА СЕРАФИМОВСКИ ДОО Скопје, понуда заверена со наш арх. бр. 05-227/1 од 30.01.2020 година, кој доставил првична понуда во износ од 18,50 денари, цена за табак. и
- Друштво за услужни дејности во врска со печатење и објавување Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово, понуда заверена со наш арх. бр. 05-229/1 од 30.01.2020 година, кој доставил првична понуда во износ од 23,00 денари, цена за табак.

По детално прегледување на доставените понуди:

Комисијата констатираше дека е исполнет условот, согласно член 59 од Законот за јавните набавки, при тоа го утврди денот и часот за спроведување на електронска аукција преку ЕСЈН – и тоа 24.02.2020 година, во 12,00 часот, односно Комисијата преку ЕСЈН ги покани понудувачите да достават нови цени или нови вредности. Поканата истовремено беше доставена до сите понудувачи кои поднеле валидни понуди, по електронски пат.

Од Извештајот за текот на е-Аукцијата на печатење и дистрибуција на службеното гласило "Службен весник на Република Северна Македонија" за период од 24 месеци од

денот на склучување на договорот со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна, бр. 05-505/1 од 24.02.2020 година, евидентно е дека најниска цена на понудата на електронската аукција доставил понудувачот Друштво за услужни дејности во врска со печатење и објавување Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово, во висина од 7,50 денари, цена за табак, како крајна цена (вкупна цена) на е-Аукцијата.

Од Извештајот од спроведената постапка бр.05-769/1 од 18.03.2020 година евидентно е дека Комисијата констатирала:

Согласно настанатата ситуација по однос на неможноста за смена на планот за јавни набавки, финансискиот план, како и негативното мислење добиено од страна на Бирото за јавни набавки заверено под наш архивски број 05-750/-1 од 17.03.2020 година, за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас за печатење на службеното гласило за период од 3 месеци, со цел да се премости периодот за време на распишани избори и настанатата ситуација во однос на коронавирусот COVID-19, комисијата за јавна набавка ги изнесе сите свои мислења за текот на постапката, неопходноста, итноста и потребата од печатењето на службеното гласило, последиците од прифаќањето на понудата и притоа дава низа на предлози доколку одговорното лице одлучи да прифати избор на најповолен понудувач, (**Друштво за услужни дејности во врска со печатење и објавување Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово**) и тоа: да се направаат соодветни реорганизации во однос на процесот на печатење: да се печатат весници со најоптимален број на страни (табаци) како и печатење на службеното гласило на одреден интервал како би се намалиле поштенските трошоци и во најкраток можен рок да се обезбедат дополнителни средства за печатење на службеното гласило доколку е тоа потребно, како што е зголемување на цената на годишната претплата, намалување на бројот на претплатници на печатеното издание и нивно префрлување на електронската претплата, со цел да се овозможи рентабилност во работата како и да се избегне негативен финансиски резултат во однос на работењето на претпријатието.

Комисијата за предметната јавна набавка спроведе две постапки за избор на најповолен понудувач со што би се добила цена по табак која што после сите анализи и пресметки би била во рамки на издвоените средства согласно финансискиот план. Врз основа на извршената евалуација на пристигнатите понуди, како и спроведената е-аукција на 24.02.2020 година на која најниска понудена цена е во висина од 7,5 денари и истата согласно извршените пресметки на објавени весници во изминатите 3 години и просечниот број на испечатени табаци по примерок, комисијата констатира дека истата може да го надмине одобрениот износ на средства за тековната година согласно одлуката за предметната набавка и финансискиот план за 2020 година.

Исто така **очигледен е и фактот дека во Републиката недостасува вистинска пазарна конкуренција (мал број на економски оператори кои се занимаваат со оваа дејност, а кој би ги задоволиле барањата на јавното претпријатие), истите и покрај тоа што ги знаат значењето и улогата на јавното претпријатие во општеството како и неопходноста и итноста за печатење на службеното гласило – што е во функција на извршување на дејноста на претпријатието што е од јавен интерес, во целост ја**

искористија општествено политичката ситуација како и ново настанатата ситуација во државата со појавата на вирусот COVID-19, единствено за своја лична корист.

Се горенаведено е врз основа на фактот што објавувањето на законите и другите прописи, акти и издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија" е дејност од јавен интерес и **е од витално значење за функционирање на државата во целост, бидејќи во спротивно би се блокирало работењето на сите институции во државата.**

На ден 27.03.2020 година преку електронскиот систем за јавни набавки, беа поднесени Жалби (наш арх. бр.05-830/1 од 27.03.2020 година и бр.05-824/1 од 27.03.2020 година), изјавени од жалителите Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници - Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул. Крижевска бр.52 Кочани, преку полномошник адвокат Ангела Соколова од Кочани и Друштво за печатарски услуги ПЕЧАТНИЦА СЕРАФИМОВСКИ ДОО - Скопје, со седиште на ул. Лисец бр.1 б - Аеродром), **против Одлуката за избор на најповолен понудувач за јавна набавка на услуга – печатење и дистрибуција на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија" за период од 24 месеци од денот на склучување на договорот со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна, бр.05-771/1 од 18.03.2020 година.**

На ден 08.04.2020 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки донесе Решенија по жалбите на жалителите, заверени под наш арх.бр. 05- 919/1 од 10.04.2020 година и 05-920/1 од 10.04.2020 година, со кои Жалбите на жалителите се усвојуваат, се поништува Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 05-771/1 од 18.03.2020 година, и **предметот се враќа на повторно постапување и одлучување.**

На ден 15.04.2020 година, Комисијата направи повторна евалуација на доставените понуди, постапувајќи по укажување на Државната комисија за жалби по јавни набавки, и повторно ја утврди фактичката состојба во врска со прифатливоста на понудите, и ги евалуираше само понудувачите кои во целост ги исполнуваат условите наведени во тендерската документација и техничката спецификација, и тоа: Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници-Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани и Друштво за печатарски услуги ПЕЧАТНИЦА СЕРАФИМОВСКИ ДОО Скопје.

Комисијата констатираше дека е исполнет условот, согласно член 59 од Законот за јавните набавки, при тоа го утврди денот и часот за спроведување на електронска аукција преку ЕСЈН – и тоа 21.04.2020 година, во 10,00 часот, односно Комисијата преку ЕСЈН ги покани понудувачите да достават нови цени или нови вредности. Поканата истовремено беше доставена до сите понудувачи кои поднеле валидни понуди, по електронски пат.

Од Извештајот за текот на е-Аукцијата на печатење и дистрибуција на службеното гласило "Службен весник на Република Северна Македонија" за период од 24 месеци од денот на склучување на договорот со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна, бр. 05-945/1 од 21.04.2020 година, евидентно е дека најниска цена на понудата на електронската аукција доставил понудувачот Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за

печатење на весници - Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани, во висина од 7,90 денари, цена за табак, како крајна цена (вкупна цена) на е-Аукцијата.

Од Извештајот од спроведената постапка бр.05-955/1 од 23.04.2020 година евидентно е дека Комисијата констатирала:

Најниска цена на понудата на електронската аукција доставил понудувачот Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници - Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани, во висина од 7,90 денари, цена за табак, како крајна цена (вкупна цена) на е-аукцијата, и истата не е во рамките на предвидените средства за конкретната набавка согласно Одлуката на Управниот одбор (бр. 02-1972/1 од 20.09.2019 година).

Комисијата за предметната јавна набавка констатира дека најниската добиената цена по е-аукција во износ од 7.90 денари по табак, претставува уште повисока цена од претходно спроведената е-аукција, што претставува дополнителен товар на буџетот на јавното претпријатие. Согласно настанатата ситуација во врска со коронавирусот (COVID-19), како и уплата на дел од финансиските средства со кои располага договорниот орган во висина од 100.000.000,00 денари во Буџетот на РСМ, значително се намалија финансиските средства со кои располага претпријатието. Поради наведеното, не постои можност за измена на одлуката со цел да се дообезбедат средства потребни за реализација на договорот, а воедно врз основа на направената анализа утврдено е дека истото е економски понеисплатливо од повторување на постапката односно доколку се направи анализа за испечатените весници за првите три месеци од 2020 година за која се потрошени средства во висина од приближно 1.936.000,00 денари, за истиот обем и тираж по ново добиената цена би биле потребни приближно 5.000.000,00 денари.

Одобрените средства согласно одлуката, како и конечно добиената цена по спроведената е-аукција, како и направените симулации за печатење на весникот по ново добиената цена, комисијата дојде до заклучок дека одобрените средства нема да бидат доволни за непречено и квалитетно извршување на договорот

„Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се до обезбедат од договорниот орган согласно со овој закон:

Со Одлука бр. 05-959/1 од 24.04.2020 година постапката за предметната набавка е поништена.

Поради новонастанатата ситуација со Covid-19 вирусот, како и прогласената вонредна состојба во нашата држава, во тој период од годината Владата на Република Северна Македонија донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија" за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр.84/20), според која, покрај останатото, е утврдено дека издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија" и објавувањето на законите и другите прописи, акти во „Службен весник на Република Северна Македонија" за време на траењето на вонредната состојба се врши само во електронска форма. Но, со оглед на фактот дека по завршувањето на вонредната состојба издавањето на службеното гласило и објавувањето на законите и другите прописи, акти во „Службен весник на Република Северна Македонија" ќе

продолжи и во печатена форма, како **крајна итност се јавува потребата од спроведување на предметната набавка по пат на преговарање без објавување на оглас, бидејќи роковите за спроведување на редовната постапка се многу долги, односно за да се премости периодот до спроведувањето на нова постапка за јавна набавка по пат на објавување на оглас.**

Во контекст на се што е погоре наведено, особено се укажува на фактот дека спроведувањето на предметната набавка е неопходност и е во функција на континуитет во извршување на дејноста на Јавното претпријатие – која е јавен интерес, а со цел навремено објавување на законите и на другите прописи и акти во службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ што е од витално значење за функционирање на државата во целост.

Набавката на услуга - печатење и дистрибуција на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ за период од 3 месеци, набавувачот ја извршува со постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, од причини на крајна итност, а врз основа на член 55 став (1) точка г) и став (6), од Законот за јавните набавки.

Преговарањето се спроведе со Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово, од крајна итност и од причина што во претходна постапка по оглас број 15948/2019 која е поништена, економскиот оператор има понудено најниска цена за предметот на набавка а воедно и има технички услови за извршување на услугата.

Од водените преговори констатирано е дека согласно барањето првично понудена цена за еден табак за Печатење и дистрибуција на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ за период од 3 месеци била во висина од 5,60 денари без ддв.Претставникот на економскиот оператор истакнал дека за првично понудената цена за еден табак може да дадат дополнителен попуст во висина до 10%, односно нивната крајна цена за еден табак изнесува 5,00 денари без ддв и истата е во висина на трошоците за материјали, печатење, дистрибуција на предметот на набавка за што доставил и конечна понуда заверена под наш архивски број 05-1105/1 од 18.05.2020 година.

Врз основа на сето погоре-наведено, со оглед на фактот дека во Републиката има само **три економски оператори кои можат да ги задоволат барањата на Јавното претпријатие Службен весник на РСМ, кои се специфични со оглед на дејноста на претпријатието која од јавен интерес, како и кратките рокови за испорака и друго, при што со истите економски оператори претходно се спроведени две постапки во кои тие дале многу повисоки цени,** сметаме дека е доволен доказ, односно објаснување од кои причини Јавното претпријатие како договорен орган не доставило покани за преговарање до другите два економски оператори.

2. **Забелешка: <u>Договорниот орган не објавил известување за доброволна претходна транспарентност.</u>**

Објаснување: Согласно член 68 став 1 од ЗЈН договорниот орган **<u>може</u>** да објави известување за доброволна претходна транспарентност кога доделува договор за јавна набавка во постапка со преговарање без објавување оглас.

Согласно член 145 став 1 од ЗЈН, во постапката со преговарање без објавување оглас, жалбата се изјавува **<u>во рок од десет дена од денот на објавување на известувањето за доброволна претходна транспарентност</u>**, во однос на случаите и исполнетоста на условите за избор на постапката, содржината на тендерската документација и евалуацијата и изборот на понудите.

Согласно член 145 став 2 од ЗЈН, доколку договорниот орган не објавил известување за доброволна претходна транспарентност, жалбата се изјавува во рок од десет дена од денот на приемот на одлуката за избор или за поништување, во однос на тендерската документација, евалуацијата и изборот на понудите, односно за причините за поништување на постапката.

Согласно член 145 став 4 од ЗЈН, доколку договорниот орган не објавил известување за доброволна претходна транспарентност, жалбата се изјавува **<u>во рок од 30 дена од денот на објавување на известувањето за склучен договор</u>**, во однос на случаите и исполнетоста на условите за избор на постапката.

<u>ЈП Службен весник на РСМ на ден 02.07.2020 година има објавено Известување за склучен договор за набавка на услуга – печатење и дистрибуција на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ за период од 3 (три) месеци.</u>

Скопје, 10.05.2021 година

ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ
ДИРЕКТОР
м-р Татијана Лалчевска

Изготвил: Елисавета Јаневска

ЈЗУ Клиничка Болница
Бр. 03-806/2
17.05 во 21 год.
Штип

ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА - ШТИП

ул "Љубен Иванов" бр. 25
тел.: 032/605 001 Поликлинички центар
032/394 099 Болница
факс: 032/605 001 **e-mail: jzuobstip@yahoo.com**

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ул.Павел Шатев бр.2
1000 Скопје

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETEROR I REVIZIONIT
Примено: 25.05.2021
Орг. Единица: 17-544/32

Почитувани,

Врз основа на доставениот Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност на тема "Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел превенција и заштита од пандемијата предизвикана од корона вирусот COVID 19" 04 2020 03 12, Ви доставуваме забелешка по Прилог број 3 каде ЈЗУ Клиничка болница Штип е наведена во групата на ЈЗУ во која е утврдено во вид на неправилност :

-согласно Член 81 став 8 за постапка бр. 05-19 Лична заштитна опрема и материјали за време на пандемијата со COVID 19 и за постапка бр. 05-53 Медицински гас -кислород–Во тендреската документација не се наведени информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка (Модел на договор)Забелешката од наша страна е прифатлива,направен е пропуст и истата во иднина при спроведување на постапки со преговарање без објава на оглас ќе биде корегирана.Во сите други постапки (набавка од мала вредност ,поедноставена отворена постапка и отворена постапка) кои спроведени од страна на ЈЗУ Клиничка болница Штип задолжително стои модел на договор.Истото може да се увиди на страната на ЈЗН .

-согласно Член 4,5,и 7 од ЗЈН бр. за постапка бр 05-19 Лична заштитна опрема и материјали за време на пандемијата со COVID 19 : договорниот орган доставил покани за преговарање до поголем број на економски оператори ,но за 50% од деловите за кои е спроведено преговарање пристигната е понуда од еден економски оператор.ЈЗУ Клиничка болница-Штип во целост ги спроведува постапките согласно Член 4 Начело на економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства,Член 5 Начело на конкуренција помеѓу економските оператори,и Член 7 Начело на еднаков третман и недискриминација на економските оператори од ЗЈН. Ние како договорен орган не можеме и не смееме да влијаеме на економските оператори да доставуваат понуди.Забелешката треба да се однесува за економските оператори.

-согласно Член 68 за постапка бр. 05-53 Медицински гас –кислород:Договорниот орган не објавил известување за доброволна транспарентност. Член 68 Известување за доброволна претходна транспарентност од ЗЈН гласи: став (1) Договорниот орган може да објави известување за доброволна претходна транспарентност кога доделува договор за јавна набавка во постапка со преговарање без објавување оглас. и став (2) Известувањето од став (1) на овој член се објавува истиот ден кога договорниот орган на понудувачите им ја доставува одлуката за избор. На самите договорни органи според ЗЈН е оставено да одлучат сами дали да објават или не со тоа што став 1 гласи Договорниот орган **може** да објави известување за доброволна претходна транспарентност кога доделува договор за јавна набавка во постапка со преговарање без објавување оглас. Забелешката не е прифатлива Доколку е задолжителна одредба став (1) на овој член би гласел

ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА - ШТИП

ул "Љубен Иванов" бр. 25

тел.: 032/605 001 Поликлинички центар
032/394 099 Болница
факс: 032/605 001 e-mail: jzuobstip@yahoo.com

Договорниот орган да објави известување за доброволна претходна транспарентност кога доделува договор за јавна набавка во постапка со преговарање без објавување оглас.

Со почит,

ЈЗУ Клиничка болница Штип
Медицински директор
Д-р Ален Георгијев

Македонска академија на науките и уметностите
бул. „Крсте Мисирков“ 2, Скопје, Република Северна Македонија
тел.: + 389 02 3 235 400; факс: + 389 02 3 235 500
e-mail: manu@manu.edu.mk

арх.бр. 03-1194/2
25.05.2021 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: 28.05.2021
Pranuar më:
Орг. Един. Бр. орг. | Број: Nr. 10-560/26 | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera:

До
Државен завод за ревизија
ул. „Павел Шатев“ бр. 2
Палата „Емануел Чучков“
1000 Скопје

Предмет: Одговор на Нацрт-извештајот за извршена ревизија на усогласеност на тема доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – Covid-19

Почитувани,

Изминатата година беше вистински предизвик и за земјава и за светот поради надминување на пандемијата предизвикана од корона-вирусот и потребата од приспособувањето на секојдневното функционирање во сосема нови и изменети услови. Особено треба да се има предвид дека промената беше ненадејна и со поголеми размери.

Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) безрезервно, преку Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија „Георги Д. Ефремов“ (Центар), зеде и зема учество во секојдневното дијагностицирање на присуството на корона-вирусот кај пациенти од земјава, како и во секвенционирање на геномот на вирусот и скрининг на варијантите од посебен интерес, чии научни резултати се од особено значење за утврдување на понатамошните мерки што ги предлага Комисијата за заразни болести и за вакцинацијата на населението.

Воедно, во услови на прогласена вонредна состојба, односно кризна состојба, недоволно уредената регулатива за итни постапки за јавни набавки, како и во услови кога најголемиот товар во борбата со пандемијата падна на јавното здравство, навистина претставуваше огромен предизвик итните јавни набавки за стоки и услуги да се спроведат успешно, потребни за секојдневното дијагностицирање на присуството на корона-вирусот кај пациенти од земјава, за секвенционирање на геномот на вирусот и за скрининг на варијанти од посебен интерес.

По спроведената ревизија на усогласеност на тема доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел да се обезбедат заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – Covid-19, може да се констатира дека Државниот завод за ревизија утврдил само 2 минорни неправилности:

– во постапката за јавна набавка број 03-1256/27 – *Реагенси, лабораториски потрошен материјал и пластика и заштитна опрема, потребни за дијагностицирање*

на корона-вирусот, Центарот доставил покани за преговарање до поголем број економски оператори, но за делови од постапката пристигната е понуда од еден економски оператор. Имено, Центарот при објава на оваа постапка, составена од 31 дел, испратил електронска покана за учество до 15 економски оператори и таа е објавена на интернет-страницата на МАНУ. До утврдениот рок за доставување понуда, за само четири (4) дела од постапката, доставена е по една (1) понуда, додека на секој од останатите 27 дела пристигнати се по две (2) до шест (6) понуди од различни економски оператори. Напоменуваме дека две од понудите, каде што има само еден понудувач, се прифатени поради тоа што се понудени производи кои Центарот ги набавувал и претходно по иста цена. Другите две понуди со еден понудувач се одбиени поради понудената висока цена и несоодветно понудениот производ. Имајќи го предвид наведеното, Центарот, односно МАНУ, ги почитувал(а) сите законски одредби и начела од Етичкиот кодекс; и

– во постапката за јавна набавка број 03-1256/27 – *Реагенси, лабораториски потрошен материјал и пластика и заштитна опрема, потребни за дијагностицирање на корона-вирусот*, Центарот не објавил известување за поништување на дел од постапката на ЕСЈН. Ве известуваме дека раководителот на Центарот потпишал Одлука за избор со арх. број 03-1256/27 од 8.5.2020 година, во која се наведени и поништените делови и причините за нивното поништување и таа е доставена до соработникот за јавни набавки за објавување (доставена на увид и до Државниот завод за ревизија). Ова е единствен случај на необјавување на документи од тендерска постапка од сите постапки за набавка на реагенси за ковид-тестирањата во Центарот и, најверојатно, овој пропуст е настанат поради преголемиот обем на работа со јавните набавки во тој период.

Со почит,

Претседател на Академијата,
акад. Љупчо Коцарев

ЈЗУ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА БОЛНИЦА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, ЛЕКУВАЊЕ И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИ ЗАБОЛУВАЊА-Охрид

Нас."Св.Стефан" б.б.; Тел.:+389 46 277-700; Факс:+389 46 277-201
Web: www.cardioohrid.mk; E-mail: cardioohrid@t.mk

Јавна здравствена установа Специјализирана болница за ... Бр. 03-430 27.05 2021 год. Охрид

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: 31.05.2021
Орг. един. | Број Nr. 16-560/28 | Прилог Shtojca: | Вредност Vlera:

До
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
(Овластен државен ревизор)
ул. „Павел Шатев“ бр. 2
Палата „Емануел Чучков“
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: ДОСТАВА НА ЗАБЕЛЕШКИ ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ

Почитувани,

Согласно Вашиот допис - Доставување на Нацрт извештај (Ваш арх. бр. 16-560/9 од 22.04.2021 година) и (наш арх. бр. 05-351 од 28.04.2021 година), а во врска со доставениот во електронска формана ЦД 1 (еден) примерок од Нацрт извештајот за извршена ревизија на усогласеност на тема: „Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел превенција и заштита од пандемија предизвикана од Корона вирусот - COVID 19“, во дадениот рок од денот на приемот, Ви ги доставуваме следните забелешки.

1. Во Нацрт извештајот во **Прилог бр. 3** - Постапки за јавна набавка каде се утврдени недоследности при изготвување на тендерски документации и технички спецификации, наведен е договорниот орган - ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања – Охрид кој има спроведено набавка од мала вредност со објавување оглас - набавка на брзи тестови за детекција на COVID 19 – Антиген, со забелешка дека „Со техничките спецификации се упатува на конкретно производство или трговски марки. Имено начинот на кои се дефинирани техничките спецификации на предметот на набавката е идентичен како и во брошурите/каталозите на понудувачите на кои им е доделен договорот за јавна набавка“.

Како договорен орган на ваквата Ваша констатација ја даваме следната забелешка, односно нашиот одговор е следен:

Имено, договорниот орган спровел постапка за јавна набавка на брзи тестови за детекција на COVID 19 – Антиген со набавка од мала вредност со објавување јавен оглас бр. 16707/2020 преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), како што и Вие имате констатирано во Нацрт извештајот.

Во период кога пандемијата предизвикана од Корона вирусот - COVID 19 зазеде голем замав, кај еден добар дел од пациентите со кардијална патологија кои бараа помош во нашата установа беше отпосле дијагностициран и SarsCov-2 вирусот. За да се направи брза тријажа на пациентите со кардијална патологија при прием, со цел да се издвојат оние кои во исто време беа сомнителни на COVID 19, а се со цел да се сместат во посебни изолирани оддели и спречи понатамошно ширење на вирусот (и меѓу персоналот, но и да се заштитат другите пациенти со кардијална патологија), се јави итна потреба од набавка на Брзи антиген тестови за детекција на вирусот SarsCov-2. Брзите антиген тестови во тој период само што беа појавени на пазарот, но ние како здравствена установа и договорен орган сеуште имавме само оскудни информации околу нивната застапеност воопшто, но и околу нивните својства, точноста, осетливоста и сл.

Нас."Св.Стефан" б.б.; Тел.:+389 46 277-700; Факс:+389 46 277-201
Web: www.cardioohrid.mk; E-mail: cardioohrid@t.mk

Заради тоа при изготвувањето на тендерската документација и техничките спецификации, се консултиравме со искуствата на Светската Здравствена Организација, како единствена релевантна организација во тоа време на чии насоки и препораки можевме да се потпреме рачунајќи дека се доволно проверени и веродостојни. Како прилог Ви ја доставуваме листата на брзи тестови за SarsCov-2 антиген од СЗО, со датум од 02 октомври 2020 година, каде на прво место се назначени токму Abbott-овите тестови. Со испитување на домашниот пазар и меѓусебни контакти од нашата струка, дојдовме до сознанија дека и институциите во нашата држава кои ни се директно надредени ги преферираат Аботовите тестови како единствено проверени, а за кои исто така подоцна склучиле договор за јавна набавка.

WHO Emergency Use Listing for In vitro diagnostics (IVDs) Detecting SARS-CoV-2

Ние како договорен орган можеби сме погрешиле при изработката на техничките спецификации, но во такви животозагрозувачки вонредни услови, несигурноста во изборот на она што ни беше достапно на пазарот како предмет на набавка кој ќе ни ги задоволи нашите потреби, а во интерес на времето, се одлучивме на најмалку ризичен чекор по здравјето на луѓето.

2. Во Нацрт извештајот во **Прилог бр. 4** – Утврдени недоследности при обезбедување на конкуренција во постапките за јавни набавки, наведен е договорниот орган - ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања – Охрид кој има спроведено набавка од мала вредност со објавување оглас - набавка на брзи тестови за детекција на COVID 19 – Антиген, со забелешка дека „договорниот орган доставил покани за преговарање до поголем број економски оператори, но пристигната е понуда само од еден економски оператор со кој е склучен договор".

Како договорен орган на ваквата Ваша констатација ја даваме следната забелешка, односно нашиот одговор е следен:

Имено, договорниот орган спровел постапка за јавна набавка на брзи тестови за детекција на COVID 19 – Антиген со набавка од мала вредност со објавување јавен оглас бр. 16707/2020 преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), како што и Вие имате констатирано во Нацрт извештајот. Значи не се работи за набавка со преговарање, туку за набавка со објавување на јавен оглас.

На јавното отворање поднесени се вкупно 5 (пет) понуди, а од страна на комисијата за јавни набавки изготвен е Записник од отворањето на понудите бр. 05-886 од 16.11.2020 година. По извршената евалуација, видно од Изваштајот за евалуација на понудите, од вкупно поднесените 5 (пет) понуди, 4 (четири) понуди се отфрлени како неприфатливи од причини што документацијата им е невалидна, што е констатирано во Извештајот од спроведената постапка бр. 05-886/4 од 20.11.2020 година.

Со оглед дека остана само 1 (една) прифатлива понуда, истата согласно одредбите од Законот за јавните набавки не е допуштена на електронска аукција каде евентуално би се добила конечна намалена цена. Од страна на договорниот орган донесена е Одлука за избор бр. 05-886/6 од 23.11.2020 година. За Одлуката за избор доставени се Известувања до сите 5 (пет) понудувачи на 23.11.2020 година, но во законски утврдениот рок на Одлуката за избор не е поднесена жалба и е склучен Договор за јавна набавка со избраниот понудувач на 30.11.2020 година.

Претходно, горенаведените цитирани документи Ви се доставени на Ваше барање, а истите може да се видат и да се потврдат на ЕСЈН.

Од горенаведеното најверојатно произлегува дека се работи за ненамерна грешка во Нацрт извештајот од Овластениот државен ревизор.

ЈЗУ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА БОЛНИЦА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, ЛЕКУВАЊЕ И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИ ЗАБОЛУВАЊА-Охрид

Нас."Св.Стефан" б.б.; Тел.:+389 46 277-700; Факс:+389 46 277-201
Web: www.cardioohrid.mk; E-mail: cardioohrid@t.mk

3. Во Нацрт извештајот во **Прилог бр. 4** – Утврдени недоследности при обезбедување на конкуренција во постапките за јавни набавки, наведен е договорниот орган - ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања – Охрид кој има спроведено набавка од мала вредност со објавување оглас - набавка на заштитни средства од 2019-nCoV пандемија, со забелешка дека „договорниот орган доставил покани за преговарање до поголем број економски оператори, но за делови од постапката пристигната е понуда од еден економски оператор".

Како договорен орган на ваквата Ваша констатација ја даваме следната забелешка, односно нашиот одговор е следен:

Имено, договорниот орган спровел постапка за јавна набавка на заштитни средства од 2019-nCoV пандемија со набавка од мала вредност со објавување јавен оглас бр. 06809/2020 преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), како што и Вие имате констатирано во Нацрт извештајот. Значи не се работи за набавка со преговарање, туку за набавка со објавување на јавен оглас.

На јавното отворање поднесени се вкупно 13 понуди, а од страна на комисијата за јавни набавки изготвен е Записник од отворањето на понудите бр. 05-475 од 20.05.2020 година. За сите 14 делови од техничката спецификација извршена е целосна евалуација, при што е утврдено дека 4 (четири) понудувачи не се квалификувани за учество на е-аукција за деловите бр. 2, 5, 6 и 9 од техничката спецификација, додека останатите делови бр. 1, 2, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 се допуштени на е-аукција, а деловите бр. 3, 4 и 5 се избрани за најповолни како единствени прифатливи понуди, што е видно од Изваштајот за евалуација на понудите, а е констатирано и во Извештајот од спроведената постапка бр. 05-475/4 од 24.06.2020 година.

Врз база на Извештајот од спроведената постапка, договорниот орган донесе Одлука за избор бр. 05-475/6 од 24.06.2020 година со која е извршен избор на сите 14 делови од техничката спецификација. За донесената Одлука за избор доставени се Известувања до сите 13 понудувачи на 25.06.2020 година, но во законски утврдениот рок на Одлуката за избор не е поднесена жалба и се склучени 10 Договори за јавна набавка со избраните понудувачи на 02.07.2020 година.

Претходно, горенаведените цитирани документи Ви се доставени на Ваше барање, а истите може да се видат и да се потврдат на ЕСЈН.

Од горенаведеното најверојатно произлегува дека се работи за ненамерна грешка во Нацрт извештајот од Овластениот државен ревизор.

Прилог: WHO Emergency Use Listing for In vitro diagnostics (IVDs) Detecting SARS-CoV-2

Со Почит,

ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања – Охрид
ДИРЕКТОР,
Др. Елена Коваческа-Башуроска

World Health Organization

WHO Emergency Use Listing for In vitro diagnostics (IVDs) Detecting SARS-CoV-2

Last update: 2 October 2020

Rapid Antigen Tests

Date Listed	Product name	Product code(s)	Manufacturer
02 October 2020	Panbio COVID-19 Ag Rapid Test Device (NASOPHARYNGEAL)	41FK10	Abbott Rapid Diagnostics Jena GmbH
22 September 2020	STANDARD Q COVID-19 Ag Test	09COV30D	SD Biosensor, Inc

Nucleic Acid Tests

Date Listed	Product name	Product code(s)	Manufacturer
15 September 2020	SARS-CoV-2 Nucleic acid detection kit based on Real-Time PCR platform	PGA4102P1 (liquid) / PGA4102P2 (lyophilized form)	Tellgen Corporation
02 September 2020	Novel Coronavirus (2019-nCoV) RT-PCR Detection Kit (commercial name: Fosun 2019-nCoV qPCR)	PCSYHF	Shanghai Fosun Long March Medical Science Co., Ltd.
28 August 2020	SARS-CoV-2 Virus Detection Diagnostic Kit (RT-qPCR Method)	XC25073	Ningbo Health Gene Technologies Co., Ltd.
14 August 2020	TaqPath COVID-19 CE-IVD RT-PCR Kit	A48067	Thermo Fisher Scientific
14 August 2020	Wantai SARS-CoV-2 RT-PCR	WS-1248	Beijing Wantai Biological Pharmacy Enterprise Co., Ltd
09 July 2020	COVID-19 Coronavirus Real Time PCR Kit	JC10223-1NW-50T	Jiangsu Bioperfectus Technologies Co.,Ltd
06 July 2020	Simplexa COVID-19 Direct and Simplexa COVID-19 Positive control Pack	MOL4150, MOL4160	DiaSorin
23 June 2020	Xpert Xpress SARS-CoV-2	XPRSARS-COV2-10	Cepheid AB
15 June 2020	COVID-19 Real-Time PCR Kit	HBRT-COVID-19	Chaozhaou Hybribio Biochemistry Ltd.
11 June 2020	Novel Coronavirus 2019-nCoV Nucleic Acid Detection Kit (Real Time PCR)	GZ-D2RM25	Shanghai GeneoDx Biotechnology Co., Ltd
08 June 2020	Diagnostic kit for SARS-CoV-2 Nucleic acid (Real-time PCR)	KH-G-M-574-48	Shanghai Kehua Bio-engineering Co., Ltd.
22 May 2020	Novel Coronavirus (SARS-CoV-2) Real Time Multiplex RT-PCR Kit	RR-0485-02	Shanghai ZJ Bio-Tech Co., Ltd

World Health Organization

WHO Emergency Use Listing for In vitro diagnostics (IVDs) Detecting SARS-CoV-2

Last update: 2 October 2020

21 May 2020	FTD SARS-CoV-2 (FTD-114-32)	11416300	Fast Track Diagnostics Luxembourg S.à r.l.
19 May 2020	Multiple Real-Time PCR Kit for Detection of 2019-nCoV	CT8233-48T	Beijing Applied Biological Technologies Co. Ltd., (XABT)
14 May 2020	Detection Kit for 2019 Novel Coronavirus (2019-nCoV) RNA (PCR-Fluorescence Probing)	DA0930, DA0931 and DA0932	Da An Gene Co., Ltd. Of Sun Yat-sen University
07 May 2020	Real-time fluorescent RT-PCR kit for detecting 2019-nCoV	MFG030011	BGI Europe A/S
24 April 2020	PerkinElmer SARS-CoV-2 Real-time RT-PCR Assay	SY580	PerkinElmer Inc.
09 April 2020	Abbott Realtime SARS-CoV-2	09N77-090 and 09N77-080	Abbott Molecular Inc.
07 April 2020	Primerdesign Ltd COVID-19 genesig Real-Time PCR assay	Z-Path-COVID-19-CE	Primerdesign Ltd.
03 April 2020	cobas SARS-CoV-2 Qualitative assay for use on the cobas 6800/8800 Systems	09175431190 and 09175440190	Roche Molecular Systems, Inc.

Final Public Reports to be posted on the website once completed

End of document

Одговор
на забелешки на
Нацрт извештаите на Овластениот државен ревизор

Добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на усогласеност на тема "Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од корона вирусот – COVID 19" и тоа:

- На ден 12.05.2021 година од ЈП Службен Весник на Република Северна Македонија застапувано од м-р Татијана Лалчевска-директор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-560/25 од 12.05.2021 година.
- На ден 25.05.2021 година од ЈЗУ Клиничка болница - Штип застапувана од д-р Ален Георгиев – медицински директор заведени во Државниот завод за ревизија под број 17-544/32 од 25.05.2021 година.
- На ден 28.05.2021 година од Македонска академија на науките и уметностите застапувана од акад. Љупчо Коцарев-претседател, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-560/26 од 28.05.2021 година.
- На ден 31.05.2021 година од ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Охрид застапувана од Др. Елена Коваческа – Башуровска, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-560/28 од 31.05.2021 година

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Забелешки од ЈП Службен Весник на Република Северна Македонија

1. Забелешката на констатираната состојба во **точка 3.2.3. алинеја 2,** во која е наведено дека доставена е покана за преговарање до само еден економски оператор при спроведување на постапка за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас, претставува **известување** со кое се дава образложение за причините за утврдените состојби и при тоа не се доставени дополнителни докази за промена на утврдената состојба. Наведеното образложение беше земено предвид од страна на овластениот државен ревизор во периодот на вршење на ревизијата.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точка 3.2.4 алинеја 1,** во која е наведено дека при спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас не е објавено известување за доброволна претходна транспарентност, **не се прифаќа.** Субјектот предмет на ревизија дава објаснување дека постапил согласно Законот за јавните набавки и објавил известување за склучен договор за јавна набавка во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) на ден

02.07.2020 година. При постапувањето не се земени предвид Заклучоците од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија од 26.05.2020 година со кои договорните органи кои спроведувале итни јавни набавки поврзани со Ковид 19 кризата се задолжуваат во рок од седум дена да ги внесат податоците во известување за доброволна претходна транспарентност во ЕСЈН системот.

Забелешки од ЈЗУ Клиничка болница - Штип

3. Забелешката на констатираната состојба во **точка 3.2.2. алинеја 1,** во која е наведено дека во тендерската документација од спроведена постапка за јавна набавка не се наведени информации во врска со задолжителните одредби кои ќе ги содржи договорот за јавна набавка претставува **известување** со кое се дава образложение за причините за утврдените состојби и од страна на субјектот се наведува дека утврдената состојба се прифаќа. Наведеното образложение беше земено предвид од страна на овластениот државен ревизор во периодот на вршење на ревизијата.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точка 3.2.3. алинеја 1,** во која е наведено дека субјектот предмет на ревизија доставил покани за преговарање до поголем број економски оператори, но за делови од постапката пристигната е понуда од еден економски оператор претставува **известување** со кое се дава образложение за причините за утврдените состојби и при тоа не се доставени дополнителни докази за промена на утврдената состојба. Наведеното образложение беше земено предвид во периодот на вршење на ревизијата. Од страна на овластениот државен ревизор е наведено дека за делови од постапката пристигната е понуда од еден економски оператор и покрај тоа што субјектот предмет на ревизија преземал активности за добивање на поголем број на понуди што како состојба создава ризик дека понудените конечни цени на стоките кои се предмет на набавка не ја одразуваат реалната пазарна вредност на стоките предмет на набавка.

5. Забелешката на констатираната состојба во **точка 3.2.4 алинеја 1,** во која е наведено дека при спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас не е објавено известување за доброволна претходна транспарентност, **не се прифаќа.** Субјектот предмет на ревизија дава толкување за начинот на кој треба да се применува Законот за јавните набавки во овој дел, но при постапувањето не се земени предвид Заклучоците од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија од 26.05.2020 година со кои договорните органи кои спроведувале итни јавни набавки поврзани со Ковид 19 кризата се задолжуваат во рок од седум дена да ги внесат податоците во известување за доброволна претходна транспарентност во ЕСЈН системот.

Забелешки од Македонска академија на науките и уметностите

6. Забелешката на констатираната состојба во **точка 3.2.3. алинеја 1,** во која е наведено дека субјектот предмет на ревизија доставил покани за преговарање до поголем број економски оператори, но за делови од постапката пристигната е понуда од еден економски оператор претставува **известување** со кое се дава образложение за причините за утврдените состојби и при тоа не се доставени дополнителни докази за промена на утврдената состојба. Наведеното образложение беше земено предвид во периодот на вршење на ревизијата. Од страна на овластениот државен ревизор е наведено дека за делови од постапката пристигната е понуда од еден економски оператор и покрај тоа што субјектот предмет на ревизија преземал активности за добивање на поголем број на понуди што како состојба создава ризик дека понудените конечни цени на стоките кои се предмет на набавка не ја одразуваат реалната пазарна вредност на стоките предмет на набавка.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точка 3.2.4. алинеја 2,** во која е наведено дека субјектот предмет на ревизија не објавил известување за поништување на дел од постапката на ЕСЈН претставува **известување** со кое се дава образложение за причините за утврдените состојби и при тоа не се доставени дополнителни докази за промена на утврдената состојба. Наведеното образложение беше земено предвид од страна на овластениот државен ревизор во периодот на вршење на ревизијата.

Забелешки од ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Охрид

8. Забелешката на констатираната состојба во **точка 3.2.2. алинеја 5,** во која е наведено дека со техничките спецификации се упатува на конкретно производство или трговски марки, претставува **известување** со кое се дава образложение за причините за утврдените состојби. Наведеното образложение за начинот и условите во кои работеле ЈЗУ и органите на државна управа чија примарна дејност е јавното здравство за време на Ковид 19, беше земено предвид од страна на овластениот државен ревизор во периодот на вршење на ревизијата и истото беше потенцирано во точка 3.1. од извештајот.

9. Забелешката за констатираната состојба во **точка 3.2.3. алинеја 1,** која се однесува на утврдени недоследности при обезбедување на конкуренција во постапките за јавни набавки **се прифаќа** од причина што е направена техничка грешка во табеларниот преглед – Прилог 4 од Нацрт извештајот. Имено се работи за две постапки за јавни набавки кои ЈЗУ ги има спроведено како постапки за

набавки од мала вредност со објавување на оглас, а истите во прегледот се прикажани како постапки со преговарање без објавување на оглас, што соодветно ќе биде прилагодено во Конечниот извештај.